# Chardonnay 2011 Barrel Fermented




Премиум бело вино добиено 100% од сортата на грозје Шардоне од сопствените насади на винаријата Шато Камник. Виното се одликува со жолтеникаво-зеленкаста боја и кристална бистрина. Мирисот е комплексен, раскошен и елегантен, со испреплетени ароми на тропско овошје и компот од јаболка и круши. Ферментирано и зреено во нови и делумно користени барик буриња од француски даб. Вкусот е полн, со изразена танинска слаткост, кремаста структура, добра вискозност и одлична хармоничност која му дава свежина и долг завршеток. Се препорачува да се консумира веднаш или по неколкугодишно одлежување.

Се сервира разладено на 10-12°C. Уживајте во виното со сите видови на бело месо, морски плодови, риба, тестенини и одбрани сирења.

Алкохол: 14 % Vol.